Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул."Македонија"бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr."Makedonia"nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр.Nr 02-738/20-3
14.03. 2024
Скопје/Shkup

# ЗАПИСНИК
## ОД ДВЕСТЕ И ДЕВЕТНАЕСЕТТАТА СЕДНИЦА НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
*одржана на ден* 05.02.2024 *година*

Преку конференциска врска со употреба на интернет аликацијата ZOOM на седницата присуствуваа: Претседателката на Судскиот буџетски совет на Република Северна Македонија – Весна Дамева, Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија – Беса Адеми, Претседателот на Апелациониот суд Гостивар – Беким Мехмеди, Претседателот на Апелационен суд Битола – Петре Србиновски, Претседателката на Апелациониот суд Скопје – Мери Дика Георгиевска, Претседателот на Апелациониот суд Штип – Тони Делев, Претседателот на Основен суд Тетово – Хасан Асани, Директорката на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" – Наташа Габер Дамјановска, Државниот советник за судски буџет – Силвија Јаневска и претставникот од Министерството за финансии – Тоше Пановски.

На седницата не присуствуваше Министерот за правда – Кренар Лога.

Во текот на расправата за точка 2 од дневниот ред, на интернет аликацијата ZOOM се приклучија Претседателот на Управниот суд – Бурим Сејдини и Претседателката на Основен суд Свети Николе – Лилјана Додевска, кои поради оправдани причини не можеа да присуствуваат на почетокот на седницата.

Во текот на расправата за точка 2 од дневниот ред присуствуваше Раководителот на одделението за инвестиции на Судски буџетски совет – Лидија Велковска.

Седницата ја отвори и ја водеше Претседателката на Судскиот буџетски совет – Весна Дамева.

Седницата започна со работа во 12:00 часот.

На почетокот на седницата Претседателката на Судскиот буџетски совет констатира дека има кворум за работа.

На седницата беше предложен следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записник од 213 седница на Судски буџетски совет одржана на ден 23.11.2023 година; 215 седница одржана на ден 21.12.2023 година и 216 седница одржана на ден 29.12.2023 година;
2. Одлука за усвојување на Годишна програма за капитални расходи од Буџет-Судска власт за 2024 година, со предлог одлука;
3. Одлука за усвојување на Програма за работа на Судски буџетски совет во 2024 година, со предлог одлука;
4. Известување од ОС Велес Су-05 бр.62/23-5 од 10.01.2024 година по налог за извршување И.бр.929/23 од 28.12.2023 год и известување СУ-05 бр.9/24-1 од 26.01.2024 година по правосилна пресуда на Основен граѓански суд Скопје 60ПЛ1-ТС-602/21 од 24.02.2022 потврдена со пресуда ТСЖ-1036/22 од 01.12.2022 год
5. Разно.

Членовите на Судскиот буџетски совет едногласно го усвоија предложениот дневен ред, по што се премина на работа по првата точка од дневниот ред.

**1. Усвојување на Записник од 213 седница на Судски буџетски совет одржана на ден 23.11.2023 година; 215 седница одржана на ден 21.12.2023 година и 216 седница одржана на ден 29.12.2023 година.**

Претседателката на СБС потсети дека овие записници биле разгледувани и на претходна седница на Советот, каде членовите се согласиле да се остави простор за размислување во насока како да се реши специфичната состојба со оглед дека недоставува по еден глас за донесување на одлуки за усвојување на записниците. Таа повторно образложи дека овие седници биле одржани со тесно мнозинство од 6 присутни, а поради престанок на мандатот на поранешниот Претседател на СБС остануваат само 5 гласа од присутните членови. Во член 8 од Законот за судски буџет е наведено дека одлука треба да биде донесена со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на СБС, што за овие записници не може да се обезбеди.

Претседателката на СБС истакна дека таа не може да констатира донесување на одлука за усвојување на записници бидејќи тоа би била противзаконска одлука. Поради тоа предложи кога ќе бидат присутни членовите кои можат да гласаат за записниците, тие да го дадат својот глас со што ќе изразат согласност за содржината на записниците, по што само ќе се констатира дека со тој број на гласови се потврдува содржината на записниците, но дека за истите не може да се донесе одлука за усвојување.

Членовите на Советот се согласија со овој предлог, бидејќи нема друг начин за да се реши оваа ситуација, а притоа има образложение зошто тоа ќе биде донесено и изгласано на тој начин.

Бидејќи во текот на расправата на точка 1 не беше присутен Претседателот на Управниот суд кој може да гласа за записниците, членовите се согласија точката да биде повторно повлечена и да биде ставена на дневен ред кога ќе присуствуваат членовите кои може да гласаат по истата.

**2. Одлука за усвојување на Годишна програма за капитални расходи од Буџет-Судска власт за 2024 година, со предлог одлука.**

Претседателката на СБС извести дека во Буџетот судска власт за 2024 година за капитални инвестирања се предвидени вкупно 130.375.000 денари, од кои 129.875.000 денари се наменети за Програма 20-Судска администрација, односно за судовите и Судскиот совет на РСМ, додека за Програма 30-Академија за судии и јавни обвинители е предвиден износ од 500.000 денари. Таа укажа дека дел од средствата во износ од 28.000.000 денари е предвидено да се планираат од сопствените приходи на судовите и тоа 15.000.000 денари на ставката 480-купување на машини и опрема, 5.000.000 денари на ставката 481-градежни објекти, 3.000.000 денари на ставката 483-купување на мебел и 5.000.000 денари на ставката 486-купување на возила.

Во продолжение Претседателката на СБС ги презентираше планираните капитални инвестиции по ставки. Најпрво извести за ставката 480-купување опрема и машини, за сметки 603 и 631, каде се предлага да се обезбедат средства за:

- за надградба и инсталација на Femida системи во износ од 19.106.000 денари за 89 системи за аудио снимање и 8 системи за аудио и видео снимање, со распределба според извештај од работна група информатичари. Претседателката на СБС посочи дека овде станува збор за пренесена обврска од 2023 година, за која во тек е постапката за групна јавна набавка која ја спроведува Управниот суд и која во моментот е во фаза на евалуација на доставената понуда. Во врска со ова таа извести дека до СБС од страна на Управниот суд е доставен допис во кој е наведено дека ќе има потреба од обезбедување на дополнителни финансиски средства за набавката во износ од 2.514.317 денари. Во овој дел од расправата се вклучи и Државниот советник за судски буџет со објаснување дека откога ќе биде завршена евалуацијата ќе треба да се потврди дека понудата е технички прифатлива, по што Комисијата за јавна набавка ќе треба да достави известување за дополнителните средства кои се потребни, кои согласно моменталната проекција би изнесувале околу 2.514.317 денари, кои средства се распределени поединечно на секој суд.

Претседателката на СБС посочи дека во овој момент за оваа намена во програмата за капитални расходи ќе биде внесен износот од

19.106.000 денари како пренесена обврска од 2023 година, до добивање официјано известување за потребата од зголемување на износот.

Понатаму, на оваа ставка се предлага да се обезбедат средства за:

- за набавка на компјутери и информатичка опрема - за замена на 459 компјутери со распределба според извештај од работна група информатичари во износ од 22.950.000 денари, што исто така претставува пренесена обврска од 2023 година;
- за набавка на автоматизиран ПП систем во сервер салата на ИТ центарот во Врховниот суд на РСМ во износ од 1.300.000 денари;
- за сервер за АБМС систем износ од 1.000.000 денари и за систем за гласање и снимање во салата за седници за ССРСМ во износ од 2.000.000 денари;

Претседателката на СБС укажа дека останатите средства се планираат за набавка на опрема за греење и климатизација и за друга опрема потребна за задоволување на потребните безбедносни и други стандарди на единките корисници во рамките на одобрените буџетски средства и расположивите средства од сопствени приходи по единка корисник.

Во врска со ставката 481-градежни објекти за сметка 603 и 631 се предлагаат следните активности:

- за реновирање на санитарните јазли по спратови во Врховниот суд на РСМ во износ од 5.500.000 денари (по барање за пренесување на средства за 2023 година);
- за изведба на архива во подрумските простории, по барање од Управниот суд за пренесување на средства од 2023 година, во износ од 8.800.000 денари. Во врска со ова барање, Претседателката на СБС укажа дека има забелешка, но дека истата ќе ја образложи во понатамошна дискусија;
- за реновирање на влезна партија, шалтер сала и електрични инсталации и замена на вентилоконвектори (висок дел) за Основниот граѓански суд Скопје во износ од 15.310.000 денари;
- за подобрување на енергетска ефикасност на судски згради износ од 10.000.000 денари, при што се предвидува замена на прозорци во АС Гостивар во износ од 2.400.000 денари, за изведба на енергетски ефикасна фасада за ОС Кратово во износ од 2.438.000 денари што е пренесена обврска од 2023 година и за ОС Кичево износ од 3.500.000 денари;

Претседателката на СБС посочи дека останатите средства се планираат за останатите неопходни зафати за реновирање и реконструкција на деловните згради за замена на подови, замена на врати, во делот на серверските и архивските простории, санитарните јазли, како и за реновирање на машинските, електричните, противпожарните, громобранските и другите инсталации во другите судски згради.

Во врска со ставката 483-купување на мебел за сметка 631 се предлага 3.000.000 денари да бидат распределени според барањата на единките корисници и нивните расположиви средства на сметката

сопствени приходи, главно за набавка на работни столици за судии и други вработени во судови, како и за странки.

Во врска со ставката 485-компјутерски софтвер се предвидени 12.000.000 денари од кои:

- за годишна софтвер претплата за постојната Firewall Check Point архитектура во судскиот систем и Судскиот совет на РСМ, износ од 4.900.000 денари;

- за надградба, годишна софтвер претплата, постгаранциско и тековно одржување на централизиран хардвер и системски софтвер за централизиран backup/restore на базата на податоци на судовите во државава, износ од 1.050.000 денари;

- за годишна софтвер претплата и тековно одржување на софтвер за евиденција на настани со корелирање на логови од ИКТ уреди сместени во ВСРСМ, износ од 460.000 денари;

- за набавка на софтвер за методологија за утврдуваање на сложеност на судски предмети за Судски совет на РСМ износ од 3.000.000 денари.

Претседателката на СБС извести дека оваа ставка ќе останат нераспределени средства во износ од 2.590.000 денари.

Во врска со ставката 486-купување на возила од сметка 631, беше укажано дека има средства во износ од 5.000.000 денари кои се распределени според барањата на единките корисници и нивните расположливи средства на сметката сопствени приходи. Во овој дел Претседателката на СБС укажа дека бидејќи неколку судови немаат сопствени приходи ќе останат без возила, кој проблем ќе проба да се надмине во соработка со Агенцијата за одземен имот, со цел никој суд да не остане без функционално возило, особено кога за тоа имаат потреба.

Во продолжение Претседателката на СБС отвори дискусија во врска со предложената програма за капитални расходи.

Бидејќи никој од членовите не се јави за збор, таа истакна дека има одредени корекции во однос на барањата од судовите внесени во предлог програма. Најпрво посочи дека средствата во износ од 13.000.000 денари за Основниот граѓански суд Скопје нема да бидат доволни за реализација на проектот за средување на цел шалтерски систем, доколку се има во предвид дека овој износ е заснован на цени од пред 5 години, поради што предложи за овој суд да се дообезбедат уште 5.000.000 денари, или вкупниот износ за оваа намена да биде 18.000.000 денари. Таа објасни дека во делот со шалтерите во Основниот граѓански суд Скопје нема доволна циркулација на воздух, а со тоа ниту соодветни услови за работа, поради што има изразен револт од вработените, но и од странките кои што во голем број го посетуваат судот. Таа предложи овие 5.000.000 денари да бидат земени од средствата кои првично било предложени да му припаднат на Управниот суд (8.800.000 денари). Таа истакна дека ја разбира потребата на Управниот суд за средување на архивата во судот, но дека потребата за средување на шалтерскиот дел од Основниот граѓански суд Скопје е поприоритетна во овој момент. Покрај овој проект за Основен граѓански суд Скопје, Претседателката на

СБС предложи на судот да му бидат доделени и 500.000 денари заради контрола на пристапот со картички кои се користат во други судови, со цел да се утврди движењето во судот и да се обезбеди пристапот во судот.

Понатаму таа предложи да се дообезбедат средства во износ од 1.500.000 денари за Врховниот суд на РСМ заради санација на дотрајни водоводни цевки за парно греење, иако првично не биле нотирани во предлог програмата за капитални расходи, укажувајќи дека овие зафати се важни со цел да не настане посериозен проблем поради дотраеност на водоводните цевки и цевките за парно греење. Таа предложи и овие средства да бидат земени од средствата првично планирани за Управниот суд, посочувајќи дека од вкупниот износ за Управниот суд кој изнесувал 8.800.000 денари, доколку се одземат предложените 5.000.000 и 500.000 за потребите на Основниот граѓански суд Скопје, и 1.500.000 денари за ВСРСМ, како нераспределни средства ќе останат 1.800.000 денари.

За збор се јави Претседателката на ВСРСМ која се согласи со предлогот за обезбедување средства за санирање на дотрајните водоводни и цевки за парно греење, укажувајќи дека во секој момент во судот може да настане хаварија поради нив. Но таа истакна дека судот нема изработено проект за нивна санација, поради што прво ќе мора да им се доделат средства за изработка на проект, па потоа ќе се започне постапка за јавна набавка. Беше дискутирано дека за изработка на проект на судот ќе му бидат потребни средства во износ од 100.000 денари. Покрај оваа неопходна потреба, Претседателката на ВСРСМ укажа дека судот има потреба и од комплетно реновирање на салата за општи седници која се наоѓа на првиот спрат, која сала ја користат и останатите судови и Академијата за судии и јавни обвинители. Таа појасни дека во салата нема ни греење, ниту пак соодветно озвучување. Покрај ова, Претседателката на ВСРСМ замоли за судот да бидат обезбедни средства и за машини за режење на хартија кои им се потребни во секојдневното работење.

Во врска со укажувањата и предлозите од ВСРСМ, Претседателката на СБС се согласи со барањето да се обезбедат средства за изработка на проект во износ од 100.000 денари за санирање на водоводните и цевките за парно греење, покрај предложениот износ од 1.500.000 денари за нивна санација. Претседателката на СБС напомена дека барањето на средства за реновирање на салата за општи седници во Врховниот суд во моментот не може да се одобри, укажувајќи дека судовите треба да бидат рационални во барањата и очекувањата и да се има разбирање за приоритетните потреби кои се неопходни за функционирање на другите судови. Во таа насока, беше истакнато дека и Судскиот совет има потреба од реконструкција на салата за седници и на системот за снимање кој не функционира целосно, меѓутоа за истото во овој момент не побаруваат средства.

Во врска со барањето за набавка на машини за режење на хартија, Претседателката на СБС посочи дека ќе има можност да се обезбедат

средства во висина од 55.000 денари за набавка на една таква машина за Врховниот суд, на начин што тие средства ќе се одземат од средствата наменети за серверот за АБМС системот во Судскиот совет.

Претседатлката на СБС констатираше дека од овој момент на седницата се вклучени Претседателот на Управниот суд и Претседателката на ОС Свети Николе.

Претседателката на СБС го информираше Претседателот на Управниот суд за нејзиниот предлог за поинаква распределба на средствата во износ од 8.800.000 кои првично биле планирани за архивските простории во Управниот суд. Таа повторно истакна разбирање за барањето на Управниот суд да ја среди архивата во подрумските простории според сите стандарди, но укажа дека има судови кои имаат неопходни потреби за средства и дека мора да се поставаат приоритети при одлучувањето за распределба на средствата за капитални расходи. Таа посочи дека според неа приоритет е да се среди шалтерски систем во Основниот граѓански суд Скопје за што предложи дополнителни средства во износ од 5.000.000 денари, како и средства во износ од 500.000 денари за обезбедување на пристапот во судот. Покрај ова, приоритет е и санација на дотрајните водоводни и цевки за парно греење во Врховниот суд, со цел да се спречи хаварија, за што се предлагаат средства во износ од 100.000 денари за изработка на проект и 1.500.000 денари за реализација на проектот. Таа повторно објасни дека средствата за горенаведените потреби предлага да бидат преземени од средства првично планирани за Управниот суд.

За збор се јави Претседателот на АС Гостивар кој побара појаснување зошто во материјалите кај Основниот граѓански суд Скопје стои износ од 15.300.000 денари, наместо износ од 13.000.000 денари.

Државниот советник за судски буџет објасни дека станува збор за вкупен износ на средства од кои 13.000.000 денари биле наменети за шалтер салата, додека 2.300.000 денари биле наменети за замена на дел од вентило конвектори (системот за греење и ладење), кој проект бил започнат во 2023 година, но не бил целосно завршен.

Во продолжение за збор се јави Претседателот на Управниот суд кој истакна разбирање за потребата од реновирање на шалтер салата во Основниот граѓански суд Скопје, но истовремено истакна дека и Управниот суд има неодложна потреба да ја среди архивата на суд. Тој истакна дека уште во 2017 година затекнал ситуација на 100.000 предмети расфрлени низ судот, кои мора да бидат сместени во соодветно средена архива со метални плакари, доколку се има во предвид обврската за заштита на предметите. Тој појасни дека за оваа намена судот има изготвено проект кој е планирано да се одвива во две фази, кои поединечно чинат по 4.000.000 денари, односно вкупно 8.000.000 денари. Беше објаснето дека проектот за адаптација на подрумските простории во архива вклучува: кречење на просториите во подрумот, поставување на плочки, изработка на метални плакари за систематизација на 150.000 предмети (прва фаза), како и заштита на една одводна пумпа која што се наоѓа во тој дел, но истата го опслужува

судот и Собранието на РСМ (втора фаза). Тој посочи дека е многу важно со градежните активности да се започне поскоро, бидејќи доколку се пролонгираат до ребалансот на буџетот, тогаш истите нема да можат да завршат до крајот на годината. Тој постави прашање дали Основниот граѓански суд Скопје има изготвено проект за реконструкција на шалтер салата и дали се знае што тој проект опфаќа, бидејќи за него се предлага голем износ на средства за капитални инвестиции.

Претседателката на СБС одговори дека Основниот граѓански суд Скопје има изготвено проект уште пред неколку години. За презентација на клучните поенти од проектот Претседателката на СБС и даде збор на Лидија Велковска - Раководителот на одделението за инвестиции на Судски буџетски совет. Таа ги извести членовите на Советот дека проектот предвидува реновирање на влезната партија, шалтер салата и на електичните инсталации. Беше објаснето дека во Основниот граѓански суд Скопје има систем за вентилација кој не е во функција, односно не работи и затоа нема циркулација на воздух во овој дел, како и тоа дека осветлувањето е многу лошо. Затоа проектот предвидува ново распоредување на шалтерските места за да се направи повеќе простор и за странките и за вработените, како и да се реконструира влезната партија која претставува тесно грло. Таа објасни дека доколку се појави потреба од евакуација на вработените, таму ќе настане хаос бидејќи просторот за излез е многу тесен и нефункционален. Накратко таа посочи дека проектот вклучува промена на влезната партија, промена на распоредот на шалтерскиот систем, средување на електричните инсталации, како и обезбедување на инсталации за довод на воздух.

Претседателката на СБС напомена дека речиси сите судови се соочуваат со лоша архива, но мора да се покаже разбирање за лошата состојба со шалтер салата во Основниот граѓански суд Скопје, како и разбирање за останатите судови кои имаат потреба од санирање на фасадите особено они кои што прокиснуваат од дожд. Затоа таа порача дека во овој момент мора да се постават приоритети за капитални инвестиции, додека за останатите барања, меѓу кои е и барањето на Управниот суд да се размислува во текот на годината по ребаланс на буџетот, каде ќе се бараат дополнителни средства.

Претседателот на АС Гостивар постави прашање дали состојбата со распишување на изборите претставува пречка за спроведување на постапките за јавни набавки. Тој исто така предложи доколку Основниот граѓански суд нема можност да го заврши целиот зафат до крајот на годината, дел од средствата да останат за Управниот суд односно за првата фаза од неговиот проект за архивата. Во оваа насока тој додаде дека доколку Основниот граѓански суд Скопје не успее навремено да ги зафрши планираните активности, благовремено да го извести СБС, за да може да се направи соодветна распределба на средствата со цел истите да не пропаднат, но да бидат искористени за потребите на другите судови.

Претседателката на СБС одговори дека во консултации со советниците од стручната служба и било посочено дека нема пречка за

спроведување на постапките за јавни набавки во изборниот процес ако инвестициониот план и решенијата за распределба на средства се донесат пред денот на распишување на изборите, односно пред 14 фавруари. Во однос на укажувањето за навремено преземање активности од Основниот граѓански суд Скопје, Претседателката на СБС се согласи со предлогот по завршување на изборниот процес да се побара известување од Претседателот на судот за преземените дејствија и процесот на работа по проектот, по што доколку се утврди дека средствата не се користат навремено или нема изгледи да бидат искористени до крајот на година, прашањето за нивна распределба кај друг суд да се постави на седница.

Во продолжение за збор се јави Претседателката на ОС Свети Николе која постави прашање дали е одобрено нивното барање за предложена набавка и монтажа на врати, изведба на нов стаклен покрив, со укажување дека состојбата со иститe е многу лоша и дека при секое врнење дожд стаклениот покрив пропушта вода, поради што скалите во судот веќе почнуваат да се распаѓаат поради постојаното прокиснување. Таа објасни дека повремено се преземаат мали интервенции согласно расположливите средства, меѓутоа состојбата покажува дека мора да се направи нов стаклен покрив.

Претседателката на СБС посочи дека ОС Свети Николе побарувал средства во износ од 600.000 денари за реновирање на санитарни јазли, додека пак за изведба на нов стаклен покрив на скалишен простор биле барани 500.000 денари. Таа напомена дека во предложената програма се предвидуваат средства за судот во износ од 600.000 денари само за реновирање на санитарните јазли и дека не е вклучено барањето за стаклениот покрив. Претседателката на СБС постави прашање кои од овие две барања е приоритет за судот?

Претседателката на ОС Свети Николе одговри дека двете барања се приоритетни, објаснувајќи дека санитарните јазли многу често се запушуваат поради дотраеност на цевките, поради што е приморана на секои два месеци да вика комунално претпријатие заради чистење.

По образложението за состојбата во ОС Свети Николе, Претседателката на СБС предложи покрај барањето на средства за санитарни јазли, да се уважи и барањето за изведба на нов стаклен покрив на скалишен простор во износ од 500.000 денари, кои средства да се обезбедат од преостантите средства првично планирани за Управниот суд.

Бидејќи во продолжение никој друг од членовите не побара збор, **Претседателката на СБС ја стави на гласање точката со предложените измени за доделување на дополнителни средства во износ од 5.000.000 денари за реконструкција на шалтер сала во Основниот граѓански суд Скопје и во износ од 500.000 денари за обезбедување на пристап во судот, потоа средства во износ од 100.000 денари за изработка на проект за санација на дотрајните водоводни и цевки за парно греење во Врховниот суд и во износ од 1.500.000 денари за реализација на тој проект, средства во износ од**

**55.000 денари за набавка на една машина за режење хартија за Врховниот суд и средства во износ од 500.000 денари за изведба на нов стаклен покрив на скалишен простор за ОС Свети Николе, по што констатираше дека Советот едногласно со 10 гласа „За“ ја донесе Одлуката за усвојување на Годишна програма за капитални расходи од Буџет-Судска власт за 2024 година изменета и дополнета со горенаведените проекти и барања.**

**3. Одлука за усвојување на Програма за работа на Судски буџетски совет во 2024 година, со предлог одлука.**

Претседателката на СБС истакна дека секоја година Советот усвојува програма за работа во која се опфатени редовните активности и активностите кои се сметаат за приоритет. Таа посочи дека во 2024 година ќе се даде приоритет за продолжување на активната поддршка на процесот на дигитализација на судството преку обезбедување на буџет за финансирање на дел од активностите од Планот за дигитализација на правосудството за што веќе се одобрени средства со Годишната програма за капитални инвестиции. Беше објаснето дека од особена важност ќе биде обезбедување на висок степен на реализација на капиталните инвестиции, како и земање активно учество во реализација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за период 2024-2028 година и тоа во насока на обезбедување целосна финансиска самостојност и независност.

Во продолжение Претседателката на СБС отвори дискусија во врска со предложената програма за работа.

Бидејќи никој од членовите не се јави за збор, Претседателката на СБС ја стави точката на гласање, по што констатираше дека Советот едногласно со 10 гласа „За“ ја донесе **Одлуката за усвојување на Програма за работа на Судски буџетски совет во 2024 година.**

**4. Известување од ОС Велес Су-05 бр.62/23-5 од 10.01.2024 година по налог за извршување И.бр.929/23 од 28.12.2023 год и известување СУ-05 бр.9/24-1 од 26.01.2024 година по правосилна пресуда на Основен граѓански суд Скопје 60ПЛ1-ТС-602/21 од 24.02.2022 потврдена со пресуда ТСЖ-1036/22 од 01.12.2022 год.**

Претседателката на СБС потсети дека во врска со Известувањето од ОС Велес Су-05 бр.62/23-5 од 10.01.2024 година по налог на извршување И.бр.929/23 од 28.12.2023 година, Судскиот буџетски совет веќе дискутирал на 215-та седница при што била донесена Одлука Судскиот буџетски совет да се обрати до Министерството за финансии за средствата кои биле вратени во Буџетот од извршителот Благоја Каламатиев на ден 01.11.2023 година, да бидат вратени на РКБ 00957-ОС Велес на ставка 465, како и да се одобрат 4.600.000 денари на ставка 421 за да може со извршно решение овие средства да се повлечат и целиот долг да се подмири, со оглед на тоа што во Буџетот за 2023

година имало доволно средства. Претседателката на СБС извести дека овие барања не биле одобрени од Министерството за финансии, поради што целиот долг се пренел во 2024 година.

Претседателката на СБС посочи дека ВД Претседателот на ОС Велес со допис Су-05 бр.62/23-5 од 10.01.2024 година известил за состојбата во која се наоѓа судот по налогот за извршување И.бр.929/23 од 28.12.2023 година, додека со допис Су-05.бр.9/24 -1 од 24.01.2024 година судот побарува средства за исплата на правосилна пресуда ТСЖ-1036/22од 01.12.2022 год на АС Скопје.

Претседателката на СБС извести дека ОС Велес на сопствената сметка има прилив од 8.281.000 денари, а буџетот на ставка 464-Субвенции и трансфери на сметка 631 изнесува 10.000.000 денари.

Претседателката на СБС предложи повторно да се испрати допис до Министерството за финансии за да се вратат средствата со укажување дека поднесените барања во 2023 година не биле одобрени, поради што долгот е пренесен во 2024 година и истиот е зголемен.

Државниот советник за судски буџет појасни дека парите извршени од извршителот во 2023 година биле вратени во буџетот, меѓутоа истите не биле вратени на ставка 465 на ОС Велес. Таа исто така потсети на последната седница од 2023 година била донесена одлука да се побара од Министерството за финансии средствата да се вратат на РКБ на ОС Велес на ставка 465, за да може извршителот да ги изврши повторно, но дека барањето во трезорот останало без одговор.

Претставникот од Министерството за финансии објасни дека средствата сега не можат да се вратат на ставка 465 бидејќи буџетот за 2023 година е веќе затворен, поради што тие мора да се буџетираат, а единствена можност за буџетирање постои со ребаланс на буџетот. Тој истакна дека две различни работи се префрлањето на пари на соодветна сметка и можноста тие пари да се користат. За да може да се користат тие средства треба да бидат буџетирани на соодветна ставка, а бидејќи буџетот за 2023 година е затворен нема можност за тоа, поради што треба со ребаланс да се буџетираат на соодветната ставка. Според него во моментот решение на проблемот со долгот што го има ОС Велес е тој да се подмири од средствата кои се наоѓаат на сметка 631-сопствени приходи.

Државниот советник за судски буџет истакна дека на ставката 464 судството вкупно има буџет од 10.000.000 денари. Таа посочи дека проблемот не е во тоа да се добие право на трошење од буџетот, туку во тоа што средствата се веќе земени и наплатени и се вратени во буџетот, поради што треба да се корегира нивниот прилив. Таа накратко повторно објасни дека извршителот првично ги извршил средствата од сметката на судот, по што судот поднел приговор на извршувањето кој му бил усвоен, поради што извршителот ги вратил средствата во буџетот на државата. Таа дополни дека тие имале платено од сопствените средства износ од околу 3.500.000 денари и од буџетската сметка износ од 4.000.000 денари, кои средства се вратени во буџетот на државата.

Претставникот од Министерството за финансии посочи дека во тој случај треба да се побара од трезорот дали постои можност тие средства од буџетот да се уплатат на сметка на сопствени приходи.

Врз основа на целокупната дискусија, Претседателката на СБС предложи заклучок: **Судскиот буџетски совет да се обрати до Трезорот со барање за поврат на средства. Членовите на Советот едногласно се сложија со овој предлог.**

**5. Разно.**

Претседателката на СБС извести дека поради претходно закажан состанок ќе мора да ја напушти седницата порано, поради што предложи материјалите од точка разно да бидат разгледани на наредна седница. Членовите на Советот се согласија со овој предлог.

Бидејќи во продолжение никој друг од членовите не побара збор под точката Разно, Претседателката на Судскиот буџетски совет ја заклучи 219-та седница на Судскиот буџетски совет.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Тонската снимка е составен дел од овој записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

***Весна Дамева***